## ХРВАТСКО СОБРАНИЕ

**1459**

Врз основа на член 89 од Уставот на Република Хрватска, донесувам

**ОДЛУКА**

**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ЗАКОНОТ ЗА ОРУЖЈЕ**

Го прогласувам Законот за измени и дополнувања на Законот за оружје, донесен од Хрватското собрание на седницата од 18 мај 2012 година.

Класа: 011-01/12-01/67

Урброј: 71-05-03/1-12-2

Загреб, 22 мај 2012 година

Претседател на
Република Хрватска
Иво Јосиповиќ, с.р.

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ЗАКОНОТ ЗА ОРУЖЈЕ

Член1

Во Законот за оружје („Службен весник на РХ“ бр.63/07 и 146/08), по членот 1 се додава член 1.а кој гласи:

„Член 1.а

Овој Закон содржи одредби кои се во согласност со следните акти на Европската Унија:

-Директива на Советот 91/477/ЕЕЗ од 18 јуни 1991 година за контрола на набавката и поседувањето на оружје („Службен весник“ 256, 3.9.1991.),

-Директива 2008 /51/ЕЗ на Европскиот парламент и Советот од 21 мај 2008 година со која се менува и дополнува Директивата на Советот 91/477/ЕЕЗ за контрола на набавката и поседувањето на оружје („Службен весник“ 179, 8. 7 . 2008.).“.

Член 2

Членот 2 се брише.

Член 3

Во член 4 зборовите: „и оружјето со тетива“ се бришат.

Член 4

Во член 5 точка 5) зборовите: „кога се носат на јавни места“ се бришат.

По точка 26) се додава нова точка 27) која гласи:

„7) Посредник во прометот со оружје, во смисла на овој Закон, е трговско друштво или претприемач кој има одобрение од Министерството за внатрешни работи за вршење на дејност посредување во промет со оружје, а кој не е трговец со оружје и чија дејност се состои во целост или делумно од купување, продажба или договарање на пренос на оружје помеѓу производителот и трговецот со оружје од член 5 точка 24) од овој Закон.“.

Досегашната точка 27 станува точка 28.

Досегашната точка 28), која станува точка 29), се менува и гласи:

„29) *Промет со муниција на мало* е продажба на муниција и иницијални каписли за муниција во продажен простор кој има одобрение од Министерството за внатрешни работи. Вкупната количина на барут кој се наоѓа во муницијата не смее да преминува 20 кг нето-маса на експлозивна материја, а најголемата дозволена количина на пиротехнички средства е пропишана со посебен пропис за продавници за пиротехнички средства.“.

Досегашните точки 29-32 стануваат 30-33.

Во досегашната точка 33, која станува точка 34, после зборовите: „со притисок“, наместо точка се става запирка и се додаваат зборовите: „кој се состои од последователни проверки по следниот распоред: 1. претходно испитување, 2. насилна проба (торментација), 3. заклучно испитување. Испитувањето на оружјето се спроведува во согласност со нормите на Постојаната меѓународна комисија за испитување на рачно огнено оружје (во понатамошниот текст: Ц. И.П.).“.

Досегашните точки 34-37 стануваат 35-38.

Член 5

Во член 6 став 1 точка 5, зборот: „куршуми“ се заменува со зборот: „проектили“.

Во точка 10, после зборот: „оружјето“, наместо точка се става запирка и се додава точка 11 која гласи:

„11. сите видови на оружје со интегрални придушувачи, придушувачи наменети за оружјето и делови за придушувачи.“.

Во став 2 точка 12, после зборот: „оружје“ наместо точка се става запирка и се додава точка 13 која гласи:

„13. еднострелно долгоцевно оружје со комбинација на мазни и нажлебени цевки.“.

Во став 3 точка 3, после зборот: „**мужара**“ наместо точка се става запирка и се додаваат точките 4 и 5 кои гласат:

„4. воздушно оружје чија кинетичка енергија е 10,5 Ј или поголема или брзината на проектилот е 200 м/с или поголема и калибар поголем од 4,5 мм,

5. оружје со тетива чија сила на затегнување е поголема од 450 Н.“

Во став 4 точка 1 се менува и гласи:

„1. воздушно оружје чија кинетичка енергија е помала од 10,5 Ј или брзината на проектилот е помала од 200 м/с и максимален калибар 4,5 мм,“.

Точка 2 се менува и гласи:

„2. Оружје со тетива чија сила на затегнување е помала од 450 Н, “.

Член 6

Во член 7 точка 1 се менува и гласи:

„1. забрането оружје – оружје и муниција од категорија А, ладно оружје чија основна намена е напад или нанесување на повреди, предмети погодни за нанесување на повреди кога се носат на јавно место, а начинот или околностите на нивното носење укажуваат дека се носат за да бидат употребени за напад или нанесување на повреди, и оружје од категорија Ц и Д кога се користи за вознемирување, напад и нанесување на повреди,“.

Во точка 4, после зборовите: „оружје од категорија Д“ наместо точка се става запирка и се додаваат зборовите: „освен во случај на преминување на државната граница.“

Член 7

Во член 8 точка 2, зборовите: „одобрение за набавка на муниција“ се заменуваат со зборовите: „Европска оружна дозвола“.

Член 8

Во член 9, после зборовите: „полициската управа“ се става запирка и се додаваат зборовите: „односно полициската станица“.

Член 9

Во член 10 ставка 2, точка 4 се менува и гласи:

„4) да не е правосилно казнето за прекршок, односно да не е покрената постапка за прекршок која укажува дека оружјето би било злоупотребено, посебно за прекршоци од областа на семејното насилство, и да не е изречена заштитна мерка поради семејно насилство,“.

Член 10

Во член 11 став 5, зборовите: „во рок од 15 дена од денот на примањето на уверението“ се бришат.

После став 5 се додава нов став 6 кој гласи:

„Надлежното тело ќе го извести избраниот лекар од примарната здравствена заштита за лицата на кои им е издаден оружен лист.“.

Досегашниот став 6 станува став 7.

Член 11

Во член 12 став 1 точка 1, после зборовите: „Министерството за внатрешни работи“ се додаваат зборовите: „или установа и друго правно лице кое има одобрение од Министерството за внатрешни работи за вршење на дејност оспособување на граѓаните за правилна употреба на огненото оружје“.

Член 12

Во член 19 став 2 зборовите: „и одобрение за набавка на муниција“ се бришат.

Член 13

Поднасловот над член 23 кој гласи: „4. Одобрение за набавка на муниција“ и член 23 се бришат.

Член 14

Во член 25 став 1 зборовите: „18 години“ се менуваат со зборовите: „21 година“.

Во став 3 после зборовите: „потврда“ се става запирка и се додаваат зборовите: „доколку се исполнети условите пропишани со член 10 став 2 со точките 2, 3, 4 и 5 од овој Закон“.

Член 15

Во член 27 став 2 се менува и гласи:

„Муниција смее да се продаде или предаде само на оној кој има важечки оружен лист.“.

Член 16

Во член 29 после став 3 се додава став 4 кој гласи:

„Оружје од Б, Ц и Д категорија на јавно место не смее да биде видливо на другите граѓани, ниту смее да се носи на начин кој ги вознемирува граѓаните.“.

Член 17

Во член 32 став 3 се менува и гласи:

„Ловечкото оружје смее да се користи во согласност со прописите за лов, како и на цивилните стрелишта или на други места одредени за вежби за гаѓање.“.

Член 18

Во член 34 став 2, после зборовите: „старото оружје“ се додаваат зборовите: „или на странецот на кого Хрватскиот ловечки сојуз му издал ловечка дозвола за странец“.

Член 19

Во член 43 после зборовите: „точките 1-4 од овој Закон“ се додаваат зборовите: „или ако му е одбиено барањето за регистрација на оружјето.“.

Член 20

Во член 44 став 1 после зборовите: „старото оружје“ се става запирка и се додаваат зборовите: „дозвола за непосредно ракување со огнено оружје“.

После став 2 се додаваат ставовите 3 и 4 кои гласат:

„Надлежното тело ќе го одземе оружјето од категоријата Ц за кое е издадена потврда за пријавено оружје од физичкото лице кое ќе престане да ги исполнува условите пропишани со член 10 став 2 точки 3, 4 и 5 од овој Закон или условот од член 10 став 3 точка 1 од овој Закон.

„Надлежното тело заедно со ловечкото оружје, муницијата, одобрението за набавка на оружје и оружниот лист ќе ја одземе и ловечката дозвола.“.

Член 21

Во член 45 став 1 после зборовите: „ќе упати“ се додава зборот: „со решението“.

После став 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„Здравствениот преглед од став 1 од овој член се врши во здравствени установи, трговски друштва кои вршат дејност трудова медицина и кај специјалист за трудова медицина во приватната пракса, кои се овластени за вршење на такви здравствени прегледи, со приложување на решение за упатување на вонреден здравствен преглед.“.

Досегашните ставови 2-4 стануваат 3-5.

Во досегашниот став 5, кој станува став 6, зборовите: „после став 2 од овој член“ се заменуваат со зборовите: „после став 3 од овој член“.

Член 22

Член 47 се менува и гласи:

„Решението за одземање на оружје, муниција, одобрението за набавка на оружје, оружниот лист, одобрението за собирање на старо оружје, одобрението за поседување на оружје и дозволата за непосредно ракување со огнено оружје го донесува надлежното тело.

За жалба поднесена против решението од став 1 од овој член одлучува Комисија за жалби која ја именува Владата на Република Хрватска.

Жалбата против решението од став 1 од овој член не го одложува извршувањето.“.

Член 23

Во член 48 став 1 после зборовите: „старото оружје“ се става запирка, а зборот: „и“ се брише и после зборовите: „одобрение за поседување на оружје“ се додаваат зборовите: „и дозвола за непосредно ракување со огнено оружје“.

Член 24

Во член 53 став 1 после зборот: „оружје“ се додаваат зборовите: „и муниција“.

Во став 2 после зборот: „оружје“ се додаваат зборовите: „и муниција“.

После став 2 се додава нов став 3 кој гласи:

„Хрватските државјани и странците за лов можат преку државната граница да пренесуваат до три парчиња соодветно оружје, 500 парчиња муниција за ловечко оружје со мазни цевки и 100 парчиња муниција за ловечко оружје со нажлебени цевки, без можност за продажба на истото“.

Досегашниот став 3 станува став 4.

Член 25

Во член 54 став 1 се менува и гласи:

„Хрватските државјани и странците, при преминување на државната граница, должни се оружјето и муницијата да ги пријават на граничната полиција и царината.“

Член 26

Во член 55 став 9 после зборовите: „со продажба на оружје“ се додаваат зборовите: „и муниција“.

Член 27

Во член 56 став 3 после зборот: „оружјето“ се додаваат зборовите: „и во патната исправа ќе ги внесе податоците за внесување на оружје и муниција“.

Член 28

Во член 59 став 3 се менува и гласи:

„Доколку оружјето и муницијата не се запишани во патната исправа, граничната полиција ќе издаде одобрение за внесување на оружјето ако странецот поседува одобрение за носење на тоа оружје според прописите на државата во која има живеалиште и во патната исправа ќе ги внесе податоците за внесување на оружје и муниција.“.

После став 3 се додава став 4 кој гласи:

„На излез од земјата граничната полиција ќе го одземе одобрението за внесување од став 3 од овој член“

Член 29

Во член 63 став 2 зборовите: „кој има работна дозвола или одобрение за постојан престој на подрачјето на Република Хрватска“ се бришат.

Член 30

Во член 65 зборовите: „Странецот и“ се менуваат со зборовите: „Странецот или“.

Член 31

Во член 66 став 3 се брише.

Член 32

Во член 69 став 3 се менува и гласи:

„Министерството за внатрешни работи со решение ќе го укине одобрението за вршење дејност производство на оружје ако производството на оружје не започнало во рок од една година од денот на издавањето на одобрението или ако таа дејност не се вршела најмалку една година од денот на исполнување на условите за почеток на вршење на таа дејност“.

После став 3 се додава став 4 кој гласи:

„Против решението за укинување на одобрението за производство на оружје жалба не е дозволена, но може да се покрене управен спор.“.

Член 33

Во членот 70 став 1 после зборовите: „од овој Закон“ се става запирка и се додаваат зборовите: „освен условите од член 10 став 2 точка 6 од овој Закон“.

После ставот 2 се додава нов став 3 кој гласи:

„По исклучок од член 10 став 2 точка 2 од овој Закон, дозвола за непосредно ракување со огнено оружје ќе се издаде на физичко лице со наполнети 18 години од животот доколку е оспособено за професијата мајстор – пушкар.“.

Досегашниот став 3 станува став 4.

Член 34

Во член 71 став 1 се менува и гласи:

„Произведеното оружје мора да биде испитано и на неговите важни делови да биде означено со единствена ознака која го содржи името на произведувачот, името на земјата во која се произведува и серискиот број. Доколку во серискиот број не е означена годината на производство, таа мора посебно да се означи.“.

Став 2 се брише.

Досегашниот став 3 станува став 2.

Член 35

Во член 72 после став 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„Во продажниот простор може да се продаваат и пиротехнички средства од класите I, II, III, П1 и Т1, доколку просторот ги исполнува условите од посебниот пропис за продавници за пиротехнички средства.“.

Досегашните ставови 2 и 3 стануваат ставови 3 и 4.

Член 36

После член 72 се додава глава X.а и член 72.а кои гласат:

„X.а ПОСРЕДУВАЊЕ ВО ПРОМЕТОТ СО ОРУЖЈЕ

Член 72.а

Со посредување во прометот со оружје можат да се занимаваат трговски друштва и претприемачи кои пред уписот во судскиот, односно стопанскиот регистар, ќе добијат одобрение од Министерството за внатрешни работи.

Одредбите од членовите 66, 67, 68, 69, став 1 точка 1 и член 71 од овој Закон се применуваат на соодветен начин во посредувањето во прометот со оружје.“.

Член 37

Во член 79 став 3 се менува и гласи:

„Одредбите од овој Закон не се применуваат на ловечките стрелишта кои правните лица или претприемачите кои се регистрирани за вршење дејност лов во рамките на ловиштата со кои управуваат, ги употребуваат за гаѓање и испробување на ловечкото оружје во согласност со прописите за лов.“.

После став 3 се додава став 4 кој гласи:

„На ловечките стрелишта за вршење на спортски дејности, се применуваат одредбите од овој Закон кои се однесуваат на цивилните стрелишта.“.

Член 38

Во член 80 став 2 се менува и гласи:

„По исклучок, со огнено оружје  на цивилно стрелиште смеат да гаѓаат лица до 21 година возраст и малолетници ако активно се занимаваат со спортско стрелаштво под надзор на тренер кој ги исполнува општите и посебните услови од член 10 од овој Закон и условите пропишани со посебен пропис за спорт.“.

Член 39

После член 81 се додава глава XIII.а и член 81.а кои гласат:

„ XIII.а ОСПОСОБУВАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ ЗА ПРАВИЛНА УПОТРЕБА НА ОГНЕНО ОРУЖЈЕ

Член 81.а

Со оспособување на граѓаните за правилна употреба на огненото оружје можат да се занимаваат установи или други правни лица кои, пред уписот во судскиот регистар, ќе добијат одобрение од Министерството за внатрешни работи за вршење дејност оспособување на граѓаните за правилна употреба на огнено оружје.

Одредбите од членовите 66, 67, 68, 69 и 70, став 1 и 2 и член 71 од овој Закон, се применуваат на соодветен начин и на установите и на другите правни лица кои ги оспособуваат граѓаните за правилна употреба на огнено оружје.“.

Член 40

Член 82 се менува и гласи:

„Владата на Република Хрватска, на предлог на министерот надлежен за внатрешни работи, ќе донесе одлука со која ќе го одреди правното лице за вршење на работи за испитување и обележување со жиг на огнено оружје.

Овластеното правно лице може да започне со вршење на работите од став 1 од овој член врз основа на одобрението од министерството надлежно за внатрешни работи со кое се потврдува дека правното лице ги исполнува соодветните услови.

Надзорот на работата на правното лице овластено за испитување и обележување со жиг на огнено оружје го врши министерството надлежно за внатрешни работи.“.

Член 41

Член 83 се менува и гласи:

„Огненото оружје произведено на територијата на Република Хрватска, пред ставање во промет, подлежи на испитување и обележување со жиг или некоја друга пропишана идентификациска ознака (во понатамошниот текст: жиг).

На испитување и обележување со жиг, пред ставање во промет, подлежи и огненото оружје кај кое со преправка е заменет или изменет негов важен дел.

Одредбите од овој Закон кои се однесуваат на испитување и обележување со жиг не се применуваат на огненото оружје:

1. кое се увезува или внесува од странство, ако во странство е испитано и обележено со жиг,

2. кое се увезува од странство исклучиво за истражувачки цели,

3. кое се превезува преку територијата на Република Хрватска,

4. старо оружје,

5. кое од составот на Вооружените сили, полицијата и други државни тела и правни лица се пренесува во сопственост на граѓаните, ако е испитано и обележено со жиг,

6. кое се произведува за потребите на Вооружените сили, полицијата и други државни тела или за таа намена се извезува од Република Хрватска,

7. кое се произведува во Република Хрватска, а се извезува во земјите кои не признаваат испитување и обележување на оружјето во согласност со одредбите на Ц.И.П., при што е испитано и обележено во согласност со националните прописи и стандарди на земјата во која се извезува.".

Член 42

Член 84 се менува и гласи:

„Огненото оружје од член 83 ставот 3 точки 1 и 5 од овој Закон, подлежи на означување со жиг кој ќе овозможи идентификација на годината и земјата на увоз, односно годината и земјата која го пренесува во сопственост на граѓаните.".

Член 43

Во член 85 ставовите 2 – 5 се бришат.

Член 44

Член 86 се менува и гласи:

„Трошоците за испитување и обележување на огненото оружје се на товар на производителот, односно увозникот на оружјето.".

Член 45

Во член 88 став 1 точка 2) пред зборот: „привремено" се додава зборот: „со решение".

Во точка 3) пред зборот: „да се забрани" се додава зборот: „со решение".

Член 46

Во член 89 став 1 зборовите: „издадените одобренија за набавка на муниција," се бришат, а зборовите: „за издадените одобренија за поседување и носење на ловечко и спортско оружје за време на престој во Република Хрватска, за издадените одобренија за пренос на оружје и муниција преку територијата на Република Хрватска," се менуваат со зборовите: „за издадените одобренија за внесување на ловечко или спортско оружје и муниција во Република Хрватска и пријавување на внесувањето на оружје од категорија Ц во Република Хрватска, за потврдување на внесувањето на оружје и муниција врз основа на одобрението на надлежното тело и внесувањето на оружје и муниција кое може да се набави без одобрение,".

Член 47

Во член 91 став 1 после зборот: „оружје" се додаваат зборовите: „или муниција".

Во став 2 точка 1 после зборот: „набавка“ се додаваат зборовите: „според овој Закон“, а зборовите: „(член 10)“ се бришат.

Член 48

Член 92 се менува и гласи:

„Со парична казна од 3.000,00 до 15.000,00 куни ќе се казни за прекршок физичкото лице:

1) избраниот лекар од примарна здравствена заштита, како и секој друг лекар кој веднаш не го извести надлежното тело за промената на здравствената состојба или текот на лекувањето на сопственикот на оружје, а кое влијае на здравствената способност за поседување и носење на оружје (член 11 став 6),

2) ако неовластено набави, поседува, носи, изработи, продаде, размени или отстапи на друг муниција која со овој Закон е забранета,

3) ако не отиде на здравствен преглед на секои пет години (член 11 став 3),

4) ако не му дозволи на полицискиот службеник да утврди постоење на услови за сигурно сместување и чување на оружјето (член 13 став 4),

5) ако во пропишаниот рок не поднесе барање за регистрација на оружјето (член 20 став 1),

6) ако собира и поседува старо оружје без одобрение (член 24 став 2),

7) ако старото оружје или оружјето кое се поседува врз основа на одобрението за собирање на старо оружје го носи, го употребува како оружје или за него набавува, поседува или прави муниција (член 24 став 5),

8) ако оружјето од член 24 став 1 од овој Закон го продаде или предаде на лице кое нема одобрение за собирање на старо оружје (член 24 став 7),

9) ако онеспособеното оружје го оспособи за употреба (член 24 став 8),

10) ако продаде или предаде оружје и муниција на оној кој нема важечко одобрение за набавка на оружје или важечки оружен лист (член 27 став 1),

11) ако во пропишаниот рок не го извести надлежното тело за трајно онеспособување на оружјето поради поништување на исправата за оружјето (член 27 став 8),

12) ако постапува спротивно на одредбата од член 28 став 2 од овој Закон,

13) ако не се придржува на правилата на јасно истакнатите забрани за носење на оружје во одредени простори или простории (член 29 став 1),

14) физичко лице кога носи оружје под дејство на алкохол, дрога или други омамувачки средства, односно во таква состојба да не е во можност да го разбере значењето на своите постапки, односно да владее со својата волја (член 29 став 2),

15) обезбедувачите кои надвор од времето во кое вршат работи од приватно обезбедување, носат огнено оружје кое го носат при вршењето на тие работи (член 29 став 3),

16) ако оружје од Б, Ц и Д категорија носи на јавни места на начин на кој се вознемируваат граѓаните и да е видливо на другите граѓани (член 29 став 4),

17) ако оружјето и муницијата не ги чува во согласност со одредбата од член 30 од овој Закон,

18) ако оружјето кое го поседува врз основа на оружниот лист за поседување на оружје го носи спротивно од одредбата од член 30 став 3 од овој Закон,

19) ако не го предаде своето оружје и муниција кога го напушта местото на живеење или престојување (член 31 став 1),

20) ако употребува оружје спротивно на одредбите на член 32 став 2, 3, 4 и 5 од овој Закон,

21) ако воздушно оружје или лак и стрела даде на користење на деца помлади од 11 години и надвор од спортските стрелишта или места одредени и уредени за вежби за гаѓање и без надзор на стручно лице (член 32 став 6),

22) ако долгото ловечко оружје и долгото спортско оружје надвор од ловиштето, односно стрелиштето не го пренесува во соодветни навлаки или куфери ненаполнето, а краткото ловечко и краткото спортско оружје заклучено во навлаките или куферите или ако во него се наоѓа муниција.

23) ако позајми оружје спротивно на одредбата на член 34 став 1 од овој Закон,

24) ако позајми оружје на лице кое нема оружен лист или одобрение за набавка на оружје или одобрение за собирање на старо оружје (член 34 став 2),

25) ако позајми воздушно оружје и оружје со тетива на малолетни лица (член 34 став 4),

26) ако веднаш не пријави губење или кражба на оружје или муниција (член 35 став 1),

27) ако не го пријави оружјето и муницијата при преминувањето на државната граница на граничната полиција и царина (член 54 став 1),

28) ако неовластено произведува муниција,

29) ако набави или држи муниција за оружје за која не поседува оружен лист,

30) ако ракува со оружје во производство, во посредување со оружје, во промет, при поправање и преправање или водење на цивилно стрелиште, а не поседува дозвола за непосредно ракување со огнено оружје,

31) ако неовластено произведува, поправа и преправа оружје од категориите Б, Ц и Д.

За прекршоци од став 1 од овој член, освен прекршоците од точка 1), 15) и 30), се изрекува и заштитна мерка одземање на оружјето и муницијата.“.

Член 49

Член 93 се менува и гласи:

„Со парична казна од 1.000,00 до 10.000,00 куни ќе се казни за прекршок физичкото лице:

1) ако во пропишаниот рок не го врати неискористеното одобрение за набавка на оружје (член 19 став 2),

2) ако во пропишаниот рок не пријави оружје од категорија Ц (член 25 став 2),

3) ако носи оружје без исправа за оружјето (член 26),

4) ако во пропишаниот рок не го извести надлежното тело за продажбата на оружјето (член 27 став 4),

5) ако во пропишаниот рок не го одјави оружјето (член 27 став 5),

6) ако во пропишаниот рок не извести за предавање на оружјето и муницијата на чување (член 31 став 2),

7) ако не го одржува оружјето во исправна состојба или со него неправилно или невнимателно ракува (член 32 став 1),

8) ако оружјето и муницијата на спортската стрелачка организација ја носи без потврда од таа организација (член 33 став 3),

9) ако во пропишаниот рок не ја пријави промената на личното име или живеалиштето (член 37),

10) ако веднаш по сознанието не го извести надлежното тело поради предавање на оружјето по смртта на сопственикот на оружјето (член 38 став 1),

11) ако постапи спротивно на одредбата на член 53 став 1 од овој Закон,

12) ако за целите на ловот преку државната граница пренесува повеќе од три парчиња ловечко оружје односно повеќе од 500 парчиња муниција за оружје со мазни цевки и 100 парчиња муниција за оружје со нажлебени цевки (член 53 став 3),

13) ако оружјето и муницијата кои ги продава на странец не ги достави до државната граница и ги предаде на странецот во присуство на граничната полиција (член 60 став 2),

14) ако предаде оружје на лице кое нема дозвола за непосредно ракување со огнено оружје,

15) ако не води евиденција од член 90 став 4 од овој Закон,

16) ако чува оружје на ловци – странски државјани.

За прекршоците од став 1 точка 2), 3), 6), 7), 10), 11), 12), 13) и 16) од овој член се изрекува и заштитна мерка одземање на оружјето.“.

Член 50

Член 94 се менува и гласи:

„Со парична казна од 5.000,00 до 15.000,00 куни ќе се казни за прекршок претприемачот:

1) ако набави или поседува оружје или муниција што се забранети со овој Закон,

2) ако без одобрение набави и поседува оружје за чија набавка според овој Закон е потребно одобрение,

3) ако не го извести надлежното тело во рок од осум дена од денот на продажбата на оружјето од категорија Ц (член 25 став 4),

4) овластениот трговец со оружје кој ќе продаде или предаде оружје и муниција на лице кое според одредбите од овој Закон не може да го поседува (член 27 став 1),

5) ако во пропишаниот рок не извести за продажбата на оружје и муниција (член 27 став 3),

6) ако во пропишаниот рок не го одјави оружјето (член 27 став 5),

7) ако оружјето со обврска за пријавување го даде на користење на малолетно лице или надвор од спортските стрелишта или местата одредени за вежби за гаѓање и без надзор на стручно лице (член 32 став 6),

8) ако даде оружје на користење спротивно на одредбите од член 33 став 1 од овој Закон,

9) ако позајми оружје на лице кое нема оружен лист или одобрение за набавка на оружје или одобрение за собирање на старо оружје или на странец на кој не му е издадена ловечка дозвола за странец (член 34 став 2),

10) ако во пропишаниот рок не пријави промена на името или седиштето (член 37),

11) ако оружјето и муницијата кои ги продава на странец не ги достави до државната граница и ги предаде на странецот во присуство на граничната полиција (член 60 став 2),

12) ако стави во промет произведено оружје, кое пред ставањето во промет не е означено со жиг или обележено во согласност со прописите за испитување, означување со жиг и обележување на рачно огнено оружје (член 71 став 1),

13) ако неовластено се занимава со промет на оружје и муниција (член 72 став 1),

14) ако започне со промет на оружје и муниција пред Комисијата да утврди постоење на услови за почеток на работата (член 72 став 2),

15) ако го довери непосредното ракување со оружје и муниција во промет на лице кое не поседува дозвола за непосредно ракување со огнено оружје (член 72 став 2),

16) ако неовластено поправа и преправа оружје (член 73 став 1),

17) ако започне со дејност поправање и преправање на оружје и муниција пред Комисијата да утврди постоење на услови за почеток на работата (член 73 став 2),

18) ако го довери непосредното ракување со оружје при поправање и преправање на оружјето на лице кое не поседува дозвола за непосредно ракување со огнено оружје (член 73 став 2),

19) ако преправеното оружје не го предаде на испитување и означување со жиг (член 74 став 1),

20) ако прими на поправка или преправка нерегистрирано оружје (член 74 став 2),

21) ако во пропишаниот рок не извести за преправката на оружјето (член 74 став 3),

22) ако оружјето кое е примено поради поправка или преправка го изнесува од просториите одредени за работа до неговото предавање на сопственикот (член 75 став 1),

23) ако го превезе оружјето без одобрение или спротивно на налозите одредени во одобрението (член 76 и член 77 став 2),

24) ако неовластено отвори цивилно стрелиште (член 79 став 1)

25) ако отвори цивилно стрелиште пред Комисијата да утврди постоење на услови за почеток на работата (член 79 став 2),

26) ако го довери непосредното ракување со оружје или муниција на цивилното стрелиште на лице кое не поседува дозвола за непосредно ракување со огнено оружје (член 79 став 2),

27) ако дозволи гаѓање на цивилно стрелиште на физичко лице кое не е овластено да поседува оружје (член 80 став 1),

28) ако дозволи гаѓање на малолетник спротивно на одредбите од член 80 став 2 од овој Закон,

29) ако неовластено се занимава со оспособување на граѓаните за правилна употреба на огнено оружје (член 81.а став 1),

30) ако го довери непосредното ракување со оружје во оспособувањето на лице кое не поседува дозвола за непосредно ракување со огнено оружје (член 81.а став 2),

31) увозникот кој нема да постапи во согласност со одредбите од член 84 од овој Закон,

32) ако не води евиденции од член 90 став 3 од овој Закон,

33) ако постапи спротивно на одредбите од член 90 став 5 од овој Закон,

34) ако неовластено произведува оружје од категориите Б, Ц и Д,

35) ако го чува оружјето на ловци – странски државјани,

36) ако во просторот во кој ја врши дејноста за која му е издадено одобрение во согласност со овој Закон, чува оружје наменето за вршење на дејност за која не му е издадено одобрение.

За прекршоците од став 1 точка 1), 2), 4), 5), 7), 8), 9), 11), 12), 13), 14), 16), 18), 19), 20), 23), 24), 25), 26), 27), 28), 29), 30), 31), 34) и 35) од овој член се изрекува и заштитна мерка одземање на оружјето и муницијата.

За прекршоците од став 1 од овој член со паричната казна може да се изрече и заштитна мерка забрана за вршење дејност промет, поправање и преправање на оружје, водење на цивилно стрелиште или оспособување на граѓани за правилна употреба на огнено оружје.“.

Член 51

Член 59 се менува и гласи:

„Со парична казна од 20.000,00 до 200.000,00 куни ќе се казни за прекршок правното лице:

1) ако без одобрение набави и поседува оружје за чија набавка според овој Закон е потребно одобрение,

2) ако не го извести надлежното тело во рок од осум дена од денот на продажбата на оружјето од категорија Ц (член 25 став 4),

3) овластениот трговец со оружје кој ќе продаде или предаде оружје на лице кое според одредбите од овој Закон не може да го поседува (член 27 став 1),

4) ако во пропишаниот рок не извести за продажбата на оружјето (член 27 став 3),

5) ако во пропишаниот рок не го одјави оружјето (член 27 став 5),

6) ако оружјето со обврска за пријавување го даде на користење на малолетно лице или надвор од спортските стрелишта или местата одредени за вежби за гаѓање и без надзор на стручно лице (член 32 став 6),

7) ако даде оружје на користење спротивно на одредбите од член 33 став 1 од овој Закон,

8) ако позајми оружје на лице кое нема оружен лист или одобрение за набавка на оружје или одобрение за собирање на старо оружје или на странец на кој не му е издадена ловечка дозвола за странец (член 34 став 2),

9) ако во пропишаниот рок не пријави промена на името или седиштето (член 37),

10) ако оружјето и муницијата кои ги продава на странец не ги достави до државната граница и ги предаде на странецот во присуство на граничната полиција (член 60 став 2),

11) ако неовластено произведува оружје (член 66 став1),

12) ако започне со производство на оружје пред Комисијата да утврди постоење на услови за почеток на работата (член 69 став 1),

13) ако го довери непосредното ракување со оружје во производство на лице кое не поседува дозвола за непосредно ракување со огнено оружје (член 70 став 1),

14) ако просториите во кои се сместува произведеното оружје не ги осигурува од пристап на неовластени лица (член 70 став 3),

15) ако стави во промет произведено оружје, кое пред ставањето во промет не е означено со жиг или обележено во согласност со прописите за испитување, означување со жиг и обележување на рачно огнено оружје (член 71 став 1),

16) ако неовластено се занимава со промет на оружје и муниција (член 72 став 1),

17) ако започне со промет на оружје и муниција пред Комисијата да утврди постоење на услови за почеток на работата (член 72 став 2),

18) ако го довери непосредното ракување со оружје и муниција во промет на лице кое не поседува дозвола за непосредно ракување со огнено оружје (член 72 став 2),

19) ако неовластено поправа и преправа оружје (член 73 став 1),

20) ако започне со дејност поправање и преправање на оружје и муниција пред Комисијата да утврди постоење на услови за почеток на работата (член 73 став 2),

21) ако го довери непосредното ракување со оружје при поправање и преправање на оружјето на лице кое не поседува дозвола за непосредно ракување со огнено оружје (член 73 став 2),

22) ако преправеното оружје не го предаде на испитување и означување со жиг (член 74 став 1),

23) ако прими на поправка или преправка нерегистрирано оружје (член 74 став 2),

24) ако во пропишаниот рок не извести за преправката на оружјето (член 74 став 3),

25) ако оружјето кое е примено поради поправка или преправка го изнесува од просториите одредени за работа до неговото предавање на сопственикот (член 75 став 1),

26) ако го превезе оружјето без одобрение или спротивно на налозите одредени во одобрението (член 76 и член 77 став 2),

27) ако неовластено отвори цивилно стрелиште (член 79 став 1)

28) ако отвори цивилно стрелиште пред Комисијата да утврди постоење на услови за почеток на работата (член 79 став 2),

29) ако го довери непосредното ракување со оружје или муниција на цивилното стрелиште на лице кое не поседува дозвола за непосредно ракување со огнено оружје (член 79 став 2),

30) ако дозволи гаѓање на цивилно стрелиште на физичко лице кое не е овластено да поседува оружје (член 80 став 1),

31) ако дозволи гаѓање на малолетник спротивно на одредбите од член 80 став 2 од овој Закон,

32) ако започне со оспособување на граѓаните пред Комисијата да утврди постоење на услови за почеток на работата (член 81.а став 2),

33) ако го довери непосредното ракување со оружје во оспособувањето на лице кое не поседува дозвола за непосредно ракување со огнено оружје (член 81.а став 2),

34) увозникот кој нема да постапи во согласност со одредбите од член 84 од овој Закон,

35) спортските стрелачки организации, ловечките организации и другите правни лица кои не водат евиденција од член 90 став 1 од овој Закон,

36) ако не водат евиденција од член 90 став 2, 3 и 4 од овој Закон,

37) ако постапи спротивно на одредбата од член 90 став 5 од овој Закон,

38) правното лице кое чува оружје на ловци – странски државјани,

39) ако во просторот во кој ја врши дејноста за која му е издадено одобрение во согласност со овој Закон, чува оружје наменето за вршење на дејност за која не му е издадено одобрение.

За прекршоците од став 1 точка 1), 3), 4), 6), 7), 8), 10), 11), 12), 15), 16), 17), 19), 20), 22), 23), 26), 27), 28), 29), 30), 31), 32), 33), 34) и 38) од овој член се изрекува и заштитна мерка одземање на оружјето и муницијата.

За прекршоците од став 1 од овој член ќе се казни со парична казна од 5.000,00 до 15.000,00 куни и одговорното лице во правното лице.

За прекршоците од став 1 од овој член со паричната казна може да се изрече и заштитна мерка забрана за вршење дејност производство, промет, поправање и преправање на оружје или водење на цивилно стрелиште.“.

Член 52

Член 96 се менува и гласи:

„За прекршоците од член 91 и член 92 став 1, освен прекршоците од точка 1), 15) и 30), член 93 став 1 точка 1), 4), 5), 8), 9), 14) и 15), член 94 став 1 точка 3), 6), 10), 15), 17), 21), 22), 32), 33) и 36) и член 95 став 1 точка 2), 5), 9), 13), 14), 18), 21), 24), 25), 35), 36), 37) и 39) од овој Закон, оружјето и муницијата ќе се одземат и во случај прекршочната постапка да се заврши со решение со кое обвинетиот не се прогласува за виновен, ако тоа го бараат интересите на јавната и општа сигурност.

Прекршочниот суд каде што е постапката завршена, донесува посебно решение за одземање на оружјето и муницијата од став 1 од овој член.

По правосилното завршување на прекршочната постапка спроведена според одредбите од членовите 91, 92, 93, 94 и 95 од овој Закон, одземеното оружје и муниција се предава на Министерството за внатрешни работи.

Оружјето и муницијата за кое, при одземањето од граѓаните или во текот на чувањето, ќе се утврди дека претставува директна опасност за животот и здравјето на луѓето и кое не е можно да се чува на соодветен начин, може да се уништи и пред завршување на постапката.

Врз основа на образложеното барање на телото кое привремено го одземало оружјето или на кое оружјето и муницијата му е доверено на чување, телото кај кое се води постапката донесува посебно решение за одземање и уништување на оружјето и муницијата од став 4 од овој член. По исклучок, доколку се работи за оружје и муниција чие уништување не трпи одложување, уништувањето може да се спроведе и без издадено решение, а за спроведеното итно уништување и причините ќе се извести телото кај кое се води постапката.“.

Член 53

Во член 112 бројот: „23“ се брише.

Член 54

Физичките лица кои поседуваат воздушно оружје чија кинетичка енергија е 10,5 J или поголема, или брзината на проектилот е 200 м/с или поголема и калибар поголем од 4,5 мм и оружје со тетива чија сила на затегнување е поголема од 450 Н кое според одредбите од овој Закон смее да се поседува без одобрение, должни се таквото оружје да го пријават на надлежното тело во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој Закон.

Со парична казна од 5.000,00 до 15.000,00 куни ќе се казни за прекршок физичкото лице ако во рокот од став 1 од овој член не го пријави воздушното оружје чија кинетичка енергија е 10,5 J или поголема, или брзината на проектилот е 200 м/с или поголема и калибар поголем од 4,5 мм и оружје со тетива чија сила на затегнување е поголема од 450 Н.

За прекршок од став 2 од овој член се изрекува и заштитна мерка одземање на оружјето.

Оружјето ќе се одземе и во случај прекршочната постапка да се заврши со решение со кое обвинетиот не се прогласува за виновен, ако тоа го бараат интересите на јавната и општата сигурност.

По правосилното завршување на прекршочната постапка спроведена по одредбите од овој член, одземеното оружје се предава на Министерството за внатрешни работи.

Член 55

Физичките лица кои не поседуваат уверение за здравствена способност за поседување или чување и носење на оружје во согласност со Законот за оружје („Службен весник на РХ“ бр. 69/92, 26/93, 43/93, 29/94, 108/95, 20/97, 27/99, 12/01 и 19/02) или на оние на кои им истекло, должни се во рок од една година од влегувањето во сила на овој Закон на надлежното тело да му достават уверение за здравствената способност за поседување и носење на оружје кое не е постаро од три месеци.

Физичките лица кои во рокот од став 1 од овој член не достават на надлежното тело уверение за здравствената способност за поседување и носење на оружје, ќе се казнат за прекршок со парична казна од 3.000,00 до 15.000,00 куни.

За прекршок од став 2 од овој член се изрекува и заштитна мерка одземање на оружјето и муницијата.

Оружјето ќе се одземе и во случај прекршочната постапка да се заврши со решение со кое обвинетиот не се прогласува за виновен, ако тоа го бараат интересите на јавната и општата сигурност.

По правосилното завршување на прекршочната постапка спроведена по одредбите од овој член, одземеното оружје и муниција се предава на Министерството за внатрешни работи.

Член 56

Физичките лица кои имаат регистрирано оружје должни се во рок од 180 дена од денот на влегувањето во сила на овој Закон да го известат надлежното тело за избраниот лекар од примарна здравствена заштита.

Физичките лица кои имаат регистрирано оружје должни се во рок од 60 дена од денот на промената на избраниот лекар од примарна здравствена заштита да го известат надлежното тело за настанатата промена.

На физичките лица кои во роковите од став 1 и 2 од овој член не достават на надлежното тело податок за избраниот лекар од примарна здравствена заштита, односно за промената на избраниот лекар од примарна здравствена заштита, ќе им се укине оружниот лист, а со оружјето ќе се постапува во согласност со член 44 став1 од Законот за оружје.

Член 57

Физичките лица на кои им е издаден оружен лист за поседување на оружје како спомен, должни се во рок од една година од влегувањето во сила на овој Закон:

1) да го онеспособат оружјето и да го задржат или

2) да го предадат оружјето во корист на Република Хрватска без надомест.

Член 58

Министерот надлежен за внатрешни работи во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој Закон ќе донесе правилник за посебни услови кои мораат да ги исполнуваат установите и другите правни лица кои ќе ги оспособуваат граѓаните за правилна употреба на огнено оружје.

Министерот надлежен за внатрешни работи во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој Закон ќе донесе правилник за условите кои мора да ги исполнува правното лице за вршење на дејност испитување и обележување со жиг на огненото оружје и правилник за испитување и обележување со жиг на огненото оружје.

Член 59

Во целиот текст на Законот за оружје („Службен весник на РХ“ бр. 63/07) зборовите: „работна дозвола или одобрение за постојан престој“ се менуваат со зборовите: „одобрение за привремен или постојан престој“, во соодветна форма, зборовите: „претпријатија“ и „претпријатие“ се менуваат со зборот: „претприемач“, а зборот: „опојни“, во соодветна форма, се брише.

Член 60

Одредбата од член 91 став 1 од Законот за оружје престанува да важи на 1 јануари 2013 година.

Член 61

Овој Закон влегува во сила осмиот ден од објавувањето во „Службен весник на РХ“, освен одредбите од членовите 7 и 40 од овој Закон, кои влегуваат во сила на денот на пристапувањето на Република Хрватска во Европската Унија.

Класа: 213-02/12-01/01

Загреб, 18 мај 2012 година

ХРВАТСКО СОБРАНИЕ

Претседател на
Хрватското собрание

**Борис Шпрем,** с.р.